# МАКЕДОНСКИ ПОЛИЦИСКИ ОЗНАКИ (4)

*Трајче Трајков*

Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 август 2007 година, донесе нова Уредба за униформата и ознаките на униформата на полицијата[1], која воведе новости во дизајнот и во симболиката на полициските ознаки. Врз основа на описот на ознаките кои се носат на униформата даден во чл. 41 од Уредбата, во 2008 година се произведени новите ткаени амблеми за македонската полиција.

Амблемот на полицијата има облик на штит со димензии 11,5x9,5 см. Изработен е во темносина боја, на кој со бели букви е исткаено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", под тоа „ПОЛИЦИЈА", подвлечено со златно-жолта линија по должина на целиот натпис, под која линија со бели букви е исткаено "POLICE", а под натписот е исткаен грбот на РМ во соодветните бои. Долж целиот раб на амблемот на 0,3 см од надворешниот раб е исткаена жолта лента, во вид на внатрешна рамка (сл. 1).

Натписот „ПОЛИЦИЈА" е со димензии 10,5x 2,5 см изработен во темносина боја, исткаено со бели букви, а од внатрешната страна на растојание од 0,5 см. од надворешниот раб е исткаена жолта лента (сл. 2).

Металната ознака има облик на штит со димензии 5,5x5 см и се изработува во сребрено-бела боја. Во средината на штитот е поставена ознака во форма на круг со дијаметар 3 см со златно-жолта боја со ловоров венец и во средината буквите „РМ" (сл. 3). Правоаголниот амблем е изработен од чоја со димензии 6,6x3,3 см. На амблемот е извезено знамето на Република Македонија (сл. 4). Амблемот во форма на штит е со димензии 6,5x3,5 см. Долж целиот раб на амблемот на 0,5 см од надворешниот раб во вид на внатрешна рамка извезена е лента со свилен конец во златно-жолта боја. Во рамката извезени се ловоров венец и ознака „РМ" со свилен конец во златно-жолта боја (сл. 5). Амблемот се изработува во две варијанти. Кај првата варијанта подлогата на амблемот е извезена со свилен

# MACEDONIAN POLICE INSIGNIA (4)

*Trajče Trajkov*

On the session held on August 29, 2007 the Government of the Republic of Macednia adopted a new Decree on the uniform and the emblems of the police uniform that introduced innovations in design and symbolism of police insignia. Based on the description of the emblems worn on the uniform provided in Article 41 of the Decree, in 2008 new woven emblems of the Macedonian Police were produced.

The emblem of the police is in the shape of a shield with dimensions of 11.5 x 9.5 cm. It's in dark blue color and it contains a woven inscription with white letters "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" (The Republic of Macedonia) and under it "ПОЛИЦИЈА", underlined with golden line along the entire inscription. Under the golden line in white lettering an inscription "POLICE" is woven and under this the coat of arms of RM is woven in corresponding colors. Along the entire edge of the emblem 0.3 cm from the outer edge there is a yellow line in the form of an internal frame (Fig.1).

The inscription "ПОЛИЦИЈА" has dimensions of 10.5 x 2.5 cm. It's in dark blue color and it has a white letters woven. Along the entire edge 0.5 cm from the outer edge a yellow line is woven.(Fig.2).

The metal tag has the shape of a shield with dimensions of 5.5 x 5 cm and is manufactured in silver color. In the middle of the shield a set sign is set in the form of a circle with a diameter of 3 cm with a golden color with a laurel wreath and in the midle letters "RM"(Fig.3). The rectangular emblem is made of broadcloth with dimensions of 6.6 x 3.3 cm. On this emblem the flag of the Republic of Macedonia is embroidered (Fig.4). The emblem is in the form of a shield is with dimensions of 6.5 x 3.5 cm. Along the entire edge of the emblem 0.5 cm from the outer edge in the form of internal frame with a silk thread a ribbon

конец во сиво-маслинеста боја. Втората варијанта е наменета за униформата за припадниците на ПЕП и подлогата на амблемот е извезена со свилен конец во темносина боја.

Амблемот и натписот на граничната полиција ја задржаа дотогашната симболика, со мала измена што симболите наместо на зелена се исткаени на темносина основа (сл. 6,7).

Амблемот на полицајците кои вршат работи на безбедност на сообраќајот на патиштата е во форма на штит. Подлогата на амблемот е во сина боја, на која со златни букви е исткаено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, а под тоа “REPUBLIC OF MACEDONIA“. Во средината на амблемот исткаени се раширени крилја во златна боја во чија средина е исткаен штит во сива боја, а во средината на штитот е исткаен круг во бела боја обрабен со црвена линија, во кој со златни букви е исткаено „STOP“, обрабен со златна линија. На долната страна на амблемот со златни букви е исткаено „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“, а под тоа „TRAFFIC POLICE“ (сл. 8).

Амблемот на Посебната единица за поддршка има облик на штит со димензиии 11,5x9,5 см. Изработен е во црна боја, на кој со бели букви е извезено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, под тоа извезено е знамето на Р. Македонија со димензии 9,5 x 2 см подвлечено со жолта линија по целата должина, под која линија со бели букви е исткаено ,,MVR-PEP“, подвлечено со жолта линија по целата должина, под тоа натписот ,,POLICE“, а под натписот е исткаен



1



2



3


4



5



6

in golden color is embroidered. The internal frame contains an embroidered laurel wreath and the “RM” sing in silk thread and in a golden color (Fig.5). The emblem is made in two variants. In the first variant the surface of the emblem is embroidered with silk in olive color. The second variant is designed for the uniform for members of the PEP and the surface of the emblem is embroidered with silk thread in dark blue color.

The emblem and the inscription of the Border Police didn’t change its symbolism with a little variation of the color, dark blue instead of green (Fig.6,7).

The emblem of the police officers who perform duties of traffic control on the roads is in the form of a shield. The background of the emblem is blue and it has a woven inscription in golden letters “РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” and “REPUBLIC OF MACEDONIA“ below. In the middle of the emblem widespread wings in golden color are woven. In their center a shield in gray is woven and in the middle of the shield there is a white circle with a red bordure featuring golden inscription “STOP”. The underside of the emblem contains an inscription with golden letters “СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ and „TRAFFIC POLICE” below. (Fig.8)

The emblem of the Special Support Unit is in the shape of a shield with dimensions of 11.5 x 9.5 cm. The background of the emblem is black and it has a woven inscription in white letters “РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” below the flag of Macedonia is embroider with dimensions 9,5

ловоров венец во златно-жолта боја во чија средина е исткаено „РМ“ во бела боја. Растојанието меѓу жолтите линии е 1 см. Долж целиот раб на амблемот на 0,5 см. од надворешниот раб е исткаена жолта лента, во вид на внатрешна рамка (сл.9).

Натписот „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“ е исткаен со бели букви на црна основа, со димензии 10,5х3 см. Долж целиот раб на натписот на надворешниот раб е исткаена златно-жолта лента, во вид на внатрешна рамка (сл.10).

Амблемот на Единицата за специјални задачи се изработува на црна основа во две варијанти. Првата варијанта е во форма на круг со дијаметер од 9 см во кој се наоѓаат три прстени кои се одвоени со портокалова линија широка 0,2 см. Во средината на внатрешниот прстен е исткаена глава од тигар со димензии 3х3 см во комбинација од бела, портокалова, црна, црвена и зелена боја. На горната половина на средниот прстен со бели букви е исткаено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, а на долната половина со бели букви е исткаено „SPECIAL TASK UNIT“. Помеѓу горната и долната половина од средниот прстен во форма на круг се исткаени две знамиња на Р. Македонија. На горната половина од надворешниот прстен, со бели букви е исткаено „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“, а на долната половина со бели букви е исткаено „ЕДИНИЦА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ЗАДАЧИ“. Помеѓу горната и долната половина од надворешниот прстен од левата страна со портокалова боја е исткаен бројот „19“, а од десната страна бројот „81“ (сл. 11). Симболите кај втората варијанта на амблемот се ткаени со црна, сива и бела боја




7




8




9




10




11




12

x 2 cm lined with a yellow line along the entire length and under which that there is an inscription with white letters “MVR-PEP” highlighted by a yellow line along the entire length. Under that there is a label “POLICE”, and under that a laurel wreath in golden color is woven in the center of which there is a label “RM” in white color. The distance between the yellow lines is 1 cm. Along the entire edge of the emblem 0.5 cm. from the outer edge a yellow band is woven in the form of an internal frame (fig.9).

The inscription “ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА” (Special Unit for Support) is woven with white letters on a black background, with dimensions 10.5 x 3cm. Along the entire edge of the inscription on the outer edge a golden band is woven in the form of an internal frame (fig.10).

The emblem of the Unit for Special Tasks is made on a black background in two variants. The first variant is in the form of a circle with a diameter of 9 cm which contains three rings that are separated by an orange line 0.2 cm wide. In the middle of the inner ring a head of a tiger is woven with dimensions 3 x 3 cm in a combination of white, orange, black, red and green. The top half of the middle ring bear the label “РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” in white letters while the lower half the label “SPECIAL TASK UNIT”. Between the upper and lower half of the middle ring two flags of RM are woven in the form of a circle. The upper half of the outer ring bears the label “РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” and the lower half the label “ЕДИНИЦА ЗА

(сл. 12).

Натписот „СПЕЦИЈАЛНА ПОЛИЦИЈА“ е со димензии 10,5x3 см и се изработува во две варијанти: првата варијанта е со бели букви исткаени на црна основа со портокалова лента на надворешниот раб (сл. 13), а втората варијанта е со сиви букви исткаени на црна основа со сива лента на надворешниот раб (сл. 14).

Амблемот со форма на круг со дијаметар од 5 см се изработува на црна основа во две варијанти. Првата варијанта е со исткаена глава од тигар во комбинација од бела, портокалова, црна, црвена и зелена боја, со димензии 3x3 см. Долж целиот надворешен раб е исткаена портокалова лента, во вид на внатрешна рамка (сл.15). Втората варијанта е со исткаена глава на тигар во комбинација од црна, сива и бела боја. Долж целиот надворешен раб на амблемот е исткаена сива лента, во вид на внатрешна рамка (сл. 16).

Амблемот на Единицата за брзо распоредување е во форма на неправилен штит со димензии 8,4x8,5 см. Се изработува во три варијанти: првата варијанта е на темнозелена основа, втората варијанта е на темносина основа и третата варијанта е на црна основа (сл. 17, 18, 19). На горниот дел е исткаено „Р.МАКЕДОНИЈА“, под тоа „ПОЛИЦИЈА-ЕБР“, кои се подвлечени со линија. Во средишниот дел се наоѓа меч во сива боја, во чија заднина се вкрстуваат стрела во сива боја и гром. Долниот дел на штитот завршува со лента на која е испишан текст „СЕКОГАШ СЕКАДЕ“. Од надворешната страна штитот е опшиен со лента. Буквите, линијата, громот и лентата за опшивање, во првата и во втората варијанта се во жолта боја, а во



13



14


15


16



17



18

СПЕЦИЈАЛНИ ЗАДАЧИ”. Between the upper and lower half of the outer ring on the left side in orange color the number “19” is woven and on the right the number “81” (fig.11). The symbols of the second variant of the emblem are woven in black, gray and white (gig.12).

The inscription “special police” has dimensions of 10.5 x 3 cm and is made in two variants: the first variant is woven with white letters on black background with orange tape on the outer edge (fig.13) and the second option is grayed-woven on black background with a gray stripe on the outer edge (fig.14).

The emblem in the shape of a circle with a diameter of 5 cm is made on black background in two variants. The first variant the head of the tiger is woven in a combination of white, orange, black, red and green, with dimensions of 3 x 3cm. Along the entire outer edge an orange band in the form of an internal frame is woven (fig.15). The second variant the head of the tiger is woven in a combination of black, gray and white. Along the entire outer edge of the emblem s a gray tape, in the form of an internal frame is woven (fig.16).

The emblem of the Rapid Deployment Unit is in the form of improper shield with dimensions of 8.4 x 8.5 cm. It is made in three variants: the first variant is a dark green base, the second variant is a navy blue base and the third option is a black base (fig.17, 18, 19). In the upper part the label is “Р.МАКЕДОНИЈА” woven below that “ПОЛИЦИЈА-ЕБР”. Both are underlined. There is a gray sword in the middle, with an arrow and

третата варијанта се во сива боја.

Натписот „ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ“ се изработува во три варијанти: првата варијанта е исткаена со жолти букви на темнозелена основа, втората варијанта е исткаена со жолти букви на темносина основа и третата варијанта е исткаена со сиви букви на црна основа. Натписот е со димензии 9,5x2,2 см. Долж целиот надворешен раб на натписот, исткаен во првата и во втората варијанта, исткаена е златно-жолта лента во вид на внатрешна рамка (сл. 20, 21, 22).

Амблемот во форма на неправилен штит со намалени димензии е со димензии 4,5x 4,1 см и е ист како амблемот на Единицата за брзо распоредување, без долна лента, без натпис Р. МАКЕДОНИЈА и без лента за опшивање (сл .23, 24, 25).

Амблемот на хеликоптерската единица е во форма на штит со димензии 12,5x11 см. Подлогата на амблемот е темносива, во чија средина е исткаен јастреб со раширени крилја во кафено-бела боја, а од левата и од десната страна на амблемот извезени се ловорови гранки. Над јастребот, со златно-жолти букви е исткаено „ХЕЛИКОПТЕРСКА ЕДИНИЦА“, над него е исткаена линија во сина боја, со широчина од 0,2 см, а над линијата е исткаено „МВР НА РМ“ во светлосива боја (сл. 26).

Значката на хеликоптерската единица е во форма на штит со димензии 6x5,3 см. Изработена е од метал. Основата е во темносива боја. Значката е врамена со линија од 0,1 см во сина боја. Во средината на амблемот поставено е знамето на РМ во форма на штит, во чија средина е поставен хеликоптер во комбиниција од темносина и сина боја.




19




20




21




22




23




24

a thunder crossed behind it. The lower part of the shield ends with a ribbon with the text “СЕКОГАШ СЕКАДЕ” (Always Anywhere)”. The shield is pipelined from the outside. The letters, lines and the thunder in the first and second variants are yellow, and in the third variant are gray.

The inscription “ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ” (Rapid Deployment Unit) is made in three variants: the first variant is woven with yellow letters on a dark green base, the second variant is woven with yellow letters on a navy blue base and third variant is woven with gray letters on a black background. The label is with dimensions of 9.5 x 2.2 cm. Along the entire outer edge of the label, in the first and second variant, a golden tape in the form of an internal frame is woven (fig.20, 21, 22).

The emblem in the shape of an irregular shield with reduced dimensions has dimensions of 4.5 x 4,1 cm and is the same as the emblem of the Rapid Deployment Unit without bottom band without the label “Р. МАКЕДОНИЈА” and without the tape trimming (fig. 23, 24, 25).

The emblem of the helicopter unit is in the form of a shield with dimensions of 12,5 x 11 cm. The background of the emblem is dark gray, in the middle of which a hawk with opened wings in brownish color is woven. On the left and right side of the emblem two laurel branches are embroidered. Above the hawk in golden letters the label “helicopter unit” is woven. Above that there is a blue line 0.2 cm wide and above the line there is another label “МВР НА РМ” (MIA of RM) in light gray color. (fig.26)

Над знамето на РМ има натпис „ХЕЛИКОПТЕРСКА ЕДИНИЦА“ во златно-жолта боја, а над него „МВР НА РМ“ во златно-жолта боја (сл. 27).

Пилотската значка е во форма на раширени крилја на јастреб, со димензии 4,2х8,4 см. Изработена е од метал во златно-жолта боја. Крилјата се раздвоени со меч, изработен во златно-жолта боја со црвена дршка и заштитник во сиво-маслинеста боја. На долниот дел од крилјата е поставено развиорено знаме на РМ (сл. 28).

За првпат, на основниот амблем на полицијата наместо скратеницата РМ обвиткана со ловоров венец е аплициран државниот грб на Република Македонија во соодветните бои, со што овој државен симбол стана составен дел од полицискиот амблем.

Отстранувањето на црвената ѕвезда петокрака од државниот грб согласно со новиот Закон за грбот на РМ, од 16 ноември 2009 година, беше причина Владата, на 12 јануари 2011 година, да донесе Уредба за изменување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата[2], во согласност со која на основниот амблем на полицијата се аплицира изменетиот државен грб (сл. 29). Амблемите и значките воведени со Уредбата од 2007 година останаа во употреба до денес. Но, во периодот по 2007 година некои ознаки останаа непропишани и за нив ќе стане збор во следниот број на „Македонски хералд“. ■

**НАВОДИ • ENDNOTES**

Службен весник, Official Gazette. 106/2007, 59-77

„Службен весник, Official Gazette, 6/2011, 3.




25




26




27



28




29

The badge of the helicopter unit is in the form of a shield with dimensions 6 x 5.3 cm. It's made of metal. The base is in dark gray color. The Badge framed with a line 0.1 cm wide in blue. In the middle of the emblem is the flag of Macedonia in the form of a shield in the middle of which there's a helicopter in navy blue and blue color. Above the flag of RM there's an inscription "helicopter unit" in golden color, and above it "МВР НА РМ" in golden color. (fig.27)

The pilot's badge is in the form of outspread wings of a hawk, with dimensions of 4.2 x 8,4 cm. It's made of metal in golden color. The wings are separated by a sword in golden color with a red handle and protector in olive color. At the lower part of the wing the unfurled flag of Macedonia is set (fig.28)

For the first time, on the basic emblem of the police instead of the abbreviation "RM" surrounded by a laurel wreath the Coat of Arms of the Republic of Macedonia is applied in the appropriate colors, making this national symbol an integral part of the police emblem.

The removing of the red five-pointed star from the coat of arms in accordance with the new Law on the Coat of arms of the RM from the 16th of November 2009, was the reason the Government Decree of 12 January 2011 amending the Decree on the uniform and the emblems of the police uniform according to which the basic emblem the police administered the amended Coat of Arms of the Republic (fig.29). The emblems and badges introduced by the Decree of 2007 remain in use until today. But in the period after 2007 some emblems remained unregulated and they will be discussed in the next issue of Macedonian Herald. ■